РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
Бр./Nr. 08-274/4
31.1.2024 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА - БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО
MINISTRY OF EDUCATION AND SCIENCE - BUREAU FOR DEVELOPMENT OF EDUCATION

Бирото за развој на образованието во рамки на своите надлежности и планираните активности во Програмата за заштита на потрошувачите за 2024 година, изработена согласно член 170 и член 171 од Законот за заштита на потрошувачите („Службен весник на РСМ" бр. 236/22) по повод **15 март** Светскиот ден на правата на потрошувачите и под мотото за 2024 година „**Справување со загадувањето од пластика**" објавува

# ЛИКОВЕН КОНКУРС

## за децата од детските градинки и за учениците од основните и средните училишта

Цел на ликовниот конкурс е децата и учениците преку ликовна творба да го изразат своето критичко размислување по однос на одржливата потрошувачка, но и за производството и користењето на пластиката и нејзиното влијание врз животната средина. При тоа треба да се има предвид брзото зголемување на нивото на загадување од пластиката кое претставува сериозен глобален проблем што негативно влијае на животната средина, социјалната, економската и здравствената димензија на одржливиот развој.

Ликовниот конкурс се организира во 4 (четири) категории:

1. Тема: „МОЈОТ СВЕТ БЕЗ ПЛАСТИЧЕН СМЕТ"

Право на учество имаат сите деца корисници на услугите на јавна установа детска градинка, на возраст од **4-6 години.**

2. Тема: „ПЛАСТИЧНОТО ШИШЕ ЗАГАДУВА АКО НЕ СЕ ПРЕРАБОТУВА"

Право на учество имаат сите ученици во основното образование (одделенска настава) – **од I (прво) до V (петто) одделение**.

3. Тема: „БЕЗ ПЛАСТИЧНА КЕСА ЗНАЈ, ЌЕ БИДЕ ПОЧИСТ ТВОЈОТ КРАЈ"

Право на учество имаат сите ученици во основното образование (предметна настава) – **од VI (шесто) до IX (деветто) одделение**.

4. Тема: „ПЛАСТИЧЕН ОТПАД - ОДГОВОРНА ПОТРОШУВАЧКА"

Право на учество имаат сите ученици во средното образование – **од I (прва) до IV (четврта) година**.

НАЧИН И РОК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ:

- Ликовната творба треба да е самостојно дело на ученикот.
- Еден ученик може да испрати **само една** индивидуална ликовна творба.

- Ликовната творба треба да биде изработена во дводимензионален формат и во ликовни техники и нивни комбинации соодветни на возраста на децата/учениците (техниката фломастер нема да се земе предвид).
- Секоја творба треба да биде скенирана во еден од форматите JPG, TIFF (**PDF формати и фотографии на творбите нема да се земат предвид**).
- Податоците за ликовните творби да се внесат во табела (заради преземање на точни податоци електронски пополнета и испратена во Word – име на авторот/детето/ученикот; возраст/одделение/година; наслов на творбата; користена техника; име на воспитувачот/наставникот ментор; контакт на воспитувачот/наставникот ментор).
- Фајловите со ликовни творби да се ставаат во фолдер со назив на установата која го испраќа.
- Фолдерот, претходно зипуван, по пат на електронска пошта (поради големината на содржината по WETRANSFER, SENDSPACE и сл.) вашата установа треба да го испрати на имејл адресата info@bro.gov.mk, со назнака: **За ликовен конкурс**.
- Максималниот број на ликовни творби е **3 (три)** од секоја установа.
- Рок на доставување на ликовните творби е најдоцна до **23 февруари (петок)**.
- Нема да се замат предвид ликовните творби коишто не ги исполнуваат и следат горенаведените пропозиции, како и доставените по наведениот краен рок.

Наградените учесници на ликовниот конкурс **(прво, второ и трето место)** од секоја категорија одделно ќе бидат објавени на веб-страницата на Бирото за развој на образованието на **15 март 2024 година**.

За прашања поврзани со конкурсот контактирајте го лицето м-р Валентина Гоцевска на имејл адресата valentinagocevska@bro.gov.mk .

Ве очекуваме!
**Биро за развој на образованието**